## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**Македонија 59-то место според индексот на просперитет на Институтот Лигатум**

Во Лондон е објавена најновата студија за тоа каде во светот најдобро се живее. Угледниот „Лигатум Институт“ состави листа од 104 држави, откако претходно изанализирал повеќе нивни економски и социјални параметри.

Финска е најпросперитетната земја во светот, втора е Швајцарија, па Скандинавските земји, а првата десетка на листата ја заокружуваат Австралија, Канада, Холандија, САД и Нов Зеланд.

На дното, на Зимбабве (104) како најнепросперитетна држава друштво му прават Камерун (100), Централно Африканската Република (101), Јемен (102) и Судан (103).

Македонија е 59-та според индексот на просперитет, едно место пред Ел Салвадор, но зад Шри Ланка, Боцвана, Парагвај, Филипини и Доминиканската Република.

Од Европа и регионот Украина (61), Турција (69) и Белорусија (85) се зад нас, додека Хрватска е на 35-то место, а подобро се живее и во Бугарија (46) и Романија (48).

Британскиот институт не ги анализирал Србија, Албанија, Босна и Црна Гора. Ако се гледа според различните параметри, Македонија е 86-та во светот по економската развиеност, претставена е како држава каде доминира невработеноста и ниското штедење на граѓаните.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Според претприемништвото и иновациите сме на 68 место, а оценката е дека во земјава и натаму има доста бариери за да се почне бизнис.

Македонските граѓани уживаат просечно ниво на политички права и цивилни слободи - е констатацијата во делот на развиеноста на демократијата каде земјава е рангирана на 42 место.